МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 26, Блок 01, Општина Карпош – Скопје**

Повторна Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 26, Блок 01, Општина Карпош – Скопје, ќе се одржи од 10.05.2023 до 16.05.2023 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Повторната Јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 26, Блок 01, Општина Карпош – Скопје, ќе се одржи на 12.05.2023 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Просторот дефиниран за изработка на Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 26, Блок 01, Општина Карпош – Скопје, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Карпош, Скопје.

Блок 01, како помала единица на градежно земјиште, определена за детално планирање, со Урбанистички план за Четврт СЗ 26 - на град Скопје (2017-2022), донесен со Одлука бр. 07-6446/1 од 18.07.2018год. е со површина 15.11ха. и граница која се движи:

- од север-североисток – градска магистрала бул.„Илинден";
- од југ-југоисток новопланирана сервисна улица „С1" – ул.„Ацо Шопов",
- од запад-градска четврт СЗ 18 (граница на опфат ја дефинира новопланирана сервисна улица „С7" – ул..„Фјодор Достоевски");

Површината на Блок 01 во рамки на регулација е 13.06ха.

Анкетните листови за учество на повторната Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 26, Блок 01, Општина Карпош – Скопје, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*